Карпош ИН

Јануари - Февруари 2021 | Бр. 94 - 95 | Година 12



ГРАЃАНСКИ БУЏЕТ 2021:
Развој и екологија

Интервју со **Горан Миќиќ:**
ТЕТОВИРАЊЕТО Е КУЛТУРА, УМЕТНОСТ, НО И ТАЛЕНТ

Жените и панкот:
ЗА ДОБАР ПАНК НЕ МОРА ДА СИ НЕЖНА, СЕКСИ И ЗГОДНА

Прим.д-р Маја Василева –Дугановска:
ВАКЦИНАЦИЈАТА - ВИСТИНСКА НАДЕЖ ЗА КРАЈ НА ПАНДЕМИЈАТА

Млади и успешни:
МАРКО И МАТЕМАТИКАТА -НЕРАЗДЕЛНИ ДРУГАРИ

Гастронаутика:
ВКУСОТ НА ТУРСКИТЕ МОРИЊА



ХИБРИДНИ КОЛЕКТОРИ ЗА ВОДА И СТРУЈА ВО „МАЈСКИ ЦВЕТ“ ВО КАРПОШ

Поставени се првите ***хибридни колектори*** на јавен објект во надлежност на локалната самоуправа. Општина Карпош ги постави овие модули на кровната површина на градинката ***„Мајски цвет“*** (објект „Јасмин“), во населбата Тафталиџе 2.

Овие колектори, преку искористувањето на ***сончевата енергија,*** ќе произведуваат ***300 литри*** санитарна топла вода, која ќе се користи за потребите на кујната на оваа детска установа.

Колекторите ***заменуваат четири електрични бојлери*** од 80 литри. Исто така, тие ќе произведуваат ***3,2 киловати струја*** за градинката, а вишокот на електрична енергија, преку двосмерно броило, ќе се предава на мрежата на ЕВН.

Инвестицијата е во вредност од ***296.000 денари,*** а дел од опремата е ***донација*** од компанијата „Солар и Квазар“.

Од оваа година, граѓаните на Општина Карпош ќе можат и ***самостојно да ги проверуваат*** техничките и финансиските аспекти и поволности од промената на системот на греење во своето домаќинство. Веќе се работи на софтверско решение, со кое преку веб страната на Општината ќе биде достапна оваа можност.

ОПШТИНА КАРПОШ

Весник на
локалната самоуправа

Издава Општина Карпош
ул. Радика бр. 9
тел.: 02 | 30.55.901
02 | 30.55.902
kontakt@karpos.gov.mk
www.karpos.gov.mk

Издавачки Совет
Стефан Богоев
Душко Бужаровски
Филип Даскаловски

Редакција
Димитар Караташев
Игор Ѓуровски
Мила Гавриловска
Ива Зафировска
Благојче Атанасоски
Ивана Пендовска-Вукашиновиќ
Бранко Петров
Весна Кикова Атанасовска

Главен и одговорен уредник
Виолета Цветковска
vikipr@karpos.gov.mk

Заменик-уредник
Игор Ѓуровски
igor.gjurovski@karpos.gov.mk

Одговорен за Фотографија
Игор Ѓуровски

Фотографија
Игор Ѓуровски
Ива Зафировска
Бојан Секулоски

Лектор
Ангелина Николовска

Технички уредник | Графички дизајн
STEFChou

Печатница: Европа 92
Тираж: 20.000 примероци

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

ISSN 2545-482X

Во овој број ќе читате...

4 **СУБВЕНЦИЈА ОД 50 %** НА УЖИНКИТЕ ВО КАРПОШ

6 Тема на бројот: ГРАЃАНСКИ БУЏЕТ 2021: **ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА**

13 **ЗДРАВА И БЕЗБЕДНА ХРАНА** ВО ГРАДИНКИТЕ ВО КАРПОШ

14 Разговор со **ЛД Пистолеро: „БАДУ БАР“- МЕСТО ЗА ДОБРА МУЗИКА**

16 Интервју со **Горан Миќиќ: ТЕТОВИРАЊЕТО Е КУЛТУРА, УМЕТНОСТ, НО И ТАЛЕНТ**

20 **ЛИДЕРИ** ВО САЈБЕР ПРОСТОРОТ

22 Проект „REPLACE“: **КАКО СО ПОЕВТИНО ЕКОЛОШКО ГРЕЕЊЕ?**

24 **ЖЕНИТЕ, ПАНКОТ И РОДОВИТЕ СТЕРЕОТИПИ**

26 Разговор со младата актерка **Ирена Илиевска: КАРПОШ СЕКОГАШ ЌЕ МИ БИДЕ „ДОМА“**

30 КАТЈА ЦЕЛИ **КОН СВЕТСКИОТ ТЕНИСКИ ВРВ**

32 МАРКО И МАТЕМАТИКАТА - **НЕРАЗДЕЛНИ ДРУГАРИ**

34 Гастронаутика: **ВКУСОТ НА ТУРСКИТЕ МОРИЊА**

36 Корона Предизвик: **"ЗАПОЧНИ ГО СВОЈОТ БИЗНИС"**

42 **ЗА КОРОНАТА И ПОТРЕБАТА ОД ВАКЦИНАЦИЈА**



Општина Карпош започнува со ***субвенционирање на ужинките*** за сите ученици кои посетуваат настава со физичко присуство. Притоа, ужинката ќе се субвенционира во висина од ***50 отсто од износот*** на месечниот надоместок, за учениците од прво до деветто одделение.

На овој начин, Општината ќе ***покрива 300 денари*** од трошокот, а останатите 300 денари ќе бидат обврска за родителот/старателот. Субвенцијата се однесува на второто полугодие од оваа учебна година, како и за учебната 2021/2022.

Оваа одлука беше донесена на седница на Советот на Општина Карпош.

Вкупната вредност на мерката за субвенционирање на ужинките е ***3.600.000 денари.***

И во услови на пандемија, кога наставата се одвива под посебни протоколи, ***основната цел*** на локалната самоуправа е да биде ***поддршка*** на учениците, родителите, наставниот и административно – техничкиот кадар во училиштата.

@sbogoev | @stefanbogoev | Stefan Bogoev | gradonacalnik@karpos.gov.mk

ВИСТИНАТА, ПРЕД СЕ!



Ова е прво мое обраќање во 2021, во магазинот кој оваа година ќе излегува на два месеци, односно ќе биде двоброј. Основната цел е да се заштедат средства, но во никој случај да не престане информирањето на граѓаните. Магазинот ***„Карпош ИН“***, според теренски анкети е меѓу работите за кои граѓаните изразуваат задоволство. Пред се, затоа што не е списание кое единствено ги отсликува проектите на општината туку нуди повеќе простор за успешните карпошани, повозрасни граѓани, млади спортисти, истакнати глумци, доктори, обични граѓани... Впрочем, „Карпош ИН“ е популарен затоа што секој граѓанин или угостител може да се пронајде во него.

Годинава повторно ја започнавме во духот на заштита на животната средина. Поставени се првите хибридни колектори на јавен објект во надлежност на општината. Имено, објектот „Јасмин“, клон на градинката „Мајски цвет“ во Тафталиџе 2 (до ООУ „Братство“) ги добри првите вакви колектори. Тие преку искористување на сончевата енергија ќе произведуваат 300 литри санитарна топла вода и 3,2 киловати струја. Уште повеќе се зголемува енергетската ефикасност на градинката, а и трошоците за вода и електрична енергија стануваат пониски.

Поголем број на граѓани, познаници ми пишуваат дека започнала кампањата за локалните избори во Карпош. Нормално и здраво е опозицијата да критикува, а и други политички субјекти или поединци да пројавуваат интерес. Искрено, не сум изненаден за нападите, само посакувам истите да бидат базирани на вистински факти, а не на импровизација. Политиката во Македонија мора да ја издигнеме на едно повисоко ниво. Да не биде доволно само твоето име да провејува низ етерот, по порталите, во весниците или на социјалните мрежи, туку да зборуваш и за суштински важни работи. Ова ни треба и во многу други области.

На сите нѝ е доста од „животот под маски“, но и понатаму мора да бидеме внимателни. Да, ни треба друштво, концерт, претстава, „послободно“ излегување во кафуле, диско... Но, ве повикувам уште доследно да ги почитувате мерки. Да се надеваме дека наскоро ќе почне вакцинацијата и полека ќе можеме да се враќаме во нормалното секојдневие. И да, многу е важно да се информираме од релевантни и точни извори во однос на ова прашање. Да не верувате на спектакуларните наслови и теории на заговор. Ако минатата година се убедувавме за постоењето на вирусот, во 2021 треба да се соочиме со фактот дека вакцините помагаат и се единствено решение.

Локалната власт е најблиска до граѓаните и секојдневно добиваме голем број на прашања. Граѓаните се „ежат“ кога ќе добијат одговор за нешто дека не е во надлежност на општината и затоа гледам и јас, но и општинските сектори да ја прилагодуваме комуникацијата. Многумина од вас нѐ контактираат за предмети кои се под ингеренција на подрачните одделенија на министерствата. Од овој број на „Карпош ИН“ и контактите од ресорните институции ги имаме објавено на претпоследната, 43 – та страна. Со нив се стасува поблиску до вистинската адреса, до целта, а се во полза на граѓаните.

Секое добро,
Стефан Богоев

ГРАЃАНСКИ БУЏЕТ 2021

ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Пишува: **Димитар Караташев**

Заштитата на животната средина, хуманизацијата и планското уредување на јавниот простор, вложувањето во подобри услови во градинките и основните училишта, тековното подобрување на инфраструктурата, останууваат домининантни области во кои Општина Карпош и оваа година ќе реализира голем број на проекти и активности.

Локалната самоуправа го презентираше Граѓанскиот Буџет за 2021 година. Станува збор за поедноставна презентација на проектите и начинот на кој ќе се трошат парите на граѓаните.

ЗАШТИТА НА **ЖИВОТНАТА СРЕДИНА**

И оваа година, Општина Карпош ќе работи на зголемување на зеленилото меѓу зградите (меѓублоковското зеленило). Тоа подразбира креирање на нови маалски паркови, за рекреација и маалска дружба на граѓаните. За засадување на нови дрвја, тревни површини и системи за наводнување за 2021 година одвојуваме **6.000.000 денари.** Важно е да се води грижа и да се одржува и постоечкото зеленило. Затоа за оваа цел се одвоени **8.500.000 денари.** Карпошани повторно ќе можат да аплицираат за субвенции за велосипеди, а продолжуваме и со чистење на дивите депонии.

Во делот на екологијата, еден од поважните проекти е продолжувањето на паркот до бунарите на реката Лепенец, кој се работи во соработка со Градот Скопје.









СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

Хуманоста и солидарноста се меѓу основните вредности на Општина Карпош. Овозможувањето на сеопфатна социјална заштита е една од целите. Продолжува поддршката за ранливите групи. Планирани се **3.000.000 денари** за финансиска еднократна помош на граѓани кои се жители на Карпош (социјални случаи, самохрани родители, лица погодени од природна несреќа, болни лица). Борбата за подобри услови на лицата со попреченост е секојдневна. Одвоени се **550.000 денари**, кои еднократно ќе се доделат на граѓани кои се соочени со одредена попреченост, а истата е констатирана од релевантните здравствени установи.













КУЛТУРА
НА ЛОКАЛНО НИВО

Културата е една од областите која сериозно беше погодена од пандемијата со КОВИД – 19. Но, токму културата, културните работници, уметници и артисти придонесуваат и полесно да го пребродиме овој период и затоа поддршката за оваа област не треба да се доведе под знак прашање. Затоа предвидуваме поддршка за проекти за културни работници, во вредност од **300.000 денари.** За традиционалното Карпошово културно лето одвоени се **1.500.000 денари** и доколку епидемиолошката состојба дозволи, овој настан повторно ќе биде дел од агендата на општината.

Како новитети, од оваа година се воведени и проектите за подготовка на регистар на уметници на локално ниво. Ќе ги мапираме сите поистакнати уметници во Карпош и ќе ја афирмираме нивната работа и минат труд. Исто така, одвојуваме средства од 100.000 денари за создавање на мини – библиотеки по маалските паркови. Граѓаните ќе можат да си разменуваат книги и на тој начин да остварат комуникација.











ИНКЛУЗИВНО
ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

Основното образование е област во која вложуваме сериозни средства. Општина Карпош е примарно задолжена за инфраструктурата на училиштата, но нудиме поддршка и создаваме мотивација за образовните установи и преку други проекти.

Една од најважните работи е да обезбедиме еднакви услови во образованието и за учениците со посебни образовни потреби. Затоа, одвојуваме **1.080.000 денари** за лични и образовни асистенти на учениците со попреченост. Тие се најсилната поддршка за овие ученици во наставата, заедно поминуваат четири часови од денот и ја совладуваат наставната материја.

Учениците повторно ќе бидат поддржани со стипендии и затоа за оваа намена се одвоени **1.000.000 денари.** Целта е да се вреднува трудот на младите и да бидат мотивирани за да постигнат уште подобри резултати.

Имаме буџет и од **150.000 денари** за поддршка на ученици за меѓународни натпревари. А, оваа година училиштата ќе се натпреваруваат и за најдобро уреден училишен двор.

СПОРТ
ЗА ЗДРАВИ ГЕНЕРАЦИИ

Повеќе училишта денеска имаат реконструирани терени за спорт, оттука нормална е нашата намера да продолжиме да вложуваме во унапредување на спортот на локално ниво.

Талентираните млади спортисти повторно ќе ги поддржиме финансиски. Имаме буџет од **1.000.000 денари** за покривање на дел од нивните трошоци, кога ќе учествуваат на натпревари, турнири или сл. Исто така, најдобрите ученици – спортисти и оваа година ќе можат да аплицираат за стипендии.

Во случај на нормализација со вирусот, Општина Карпош повторно ќе го организира Меморијалниот турнир во спомен на **„Оливер Соколов – СОКОЛ“,** кој е симбол на маалската дружба во нашиот Карпош.







ПОДОБРА ИНФРАСТРУКТУРА ВО НАСЕЛБИТЕ

После повеќе децении конечно ќе се реконструира плочникот во Порта Влае. Веќе е завршен основниот проект и наскоро започнуваат изведбените активности. Во делот на реконструкција на нови улици, Општина Карпош преку Светска банка ќе изврши целосна обнова на улицата: „Париска“ (Тафталиџе 1), „Гиго Михајловски“, „Иван Аговски“ и „Мирка Гинова“ (Карпош 1) и „Шекспирова“ (Карпош 2).

Во областа на инфраструктурата, оваа година, се очекува и почеток на реализација на покапиталните проекти кои се поддржани од Владата и Градот Скопје. Станува збор за кружниот тек кај маркетот „Хубо“, кој значително ќе го растовари сообраќајот во овој дел од Карпош, а ќе започне и изградбата на мостот од крајот на улицата „Љубљанска“ во Карпош 4 преку Вардар, до клучката во Бардовци.

Со поврзувањето на урбаното јадро со периферијата ќе се овозможи поголема мобилност, развој на периферните делови и помал застој во сообраќајот.

УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ

Опстојуваме на определбата за плански и хуман развој на Карпош. Затоа во централните населби градењето значително е намалено и истато се пренесува кон периферијата. Поточно, активен е ДУП – от за касарна „Илинден“.

Деталниот урбанистички план (ССИ 03 Блок 4) го опфаќа делот околу касарна „Илинден“, кој потпаѓа под Општина Карпош. Според овој ДУП се предвидува изградба на станбени зради од приземје, пет ката и поткровје, со височина од 21 метар и 168.000 м^2 бруто површина за домување (А намена).

Во овој дел, се планира и изградба на ново основно училиште, како и други деловни објекти, кои можат да бидат маркети, игротеки, аптеки и сл. Тука има и маркици за потребите на Министерство за одбрана, но и простор предвиден за културни установи. Во рамки на овој ДУП има и дел Д1 – парковско зеленило, кое дополнително го облагородува изгледот на оваа населба во развој.

На овој начин се придонесува кон креирање на населба, која на вистински начин ги задоволува потребите на жителите и придонесува кон повисок квалитет на живот.

Општина Карпош и Градот Скопје се подготвени да пробијат и нова инфраструктура (улици, канализација и водоводна мрежа), за инвеститорите кои ќе вложат во овој дел од општината.

ПРО



ПОПРАВКА НА УЛИЧНОТО ОСВЕТЛУВАЊЕ НИЗ КАРПОШ

Периодов, екипите на општина Карпош интензивно работат на сервисирање на неисправното улично осветлување на неколку локации на територијата на локалната самоуправа.

Во таа насока, беше санирaн поголем дефект на ул. Волгоградска, во Карпош 4, наспроти Сити мол, но и на околните улици во оваа населба, каде беа сменети повеќе склопки и светилки.

Интервенции на уличното осветлување имаше и на улица Дрезденска во Тафталиџе 1, како и на Кејот на Вардар, во Злокуќани и Бардовци. Од спротивната страна на Партизанска се работеше на поправки на светилките во Влае 2, урбаната заедница „Пецо Божиновски Кочо“ и Тафталиџе 2.

Поправките на уличното осветлување на општинските сообраќајници се врши во текот на денот, со цел точно да се лоцира дефектот и заради проверка дали е отстранет, па честопати граѓаните забележуваат дека светилките светат и дење. Општинските служби во континуитет вршат интервенции на уличната мрежа со цел да има поголема безбедност во движењето и сообраќајот во Карпош.

НОВИ ШТЕДЛИВИ ЛЕД-СВЕТИЛКИ ВО КРИВИ ДОЛ

Стручните служби на општина Карпош започнаа акција за поставување на јавно осветлување долж улицата „Новопроектирана“ во Криви Дол. Имено, се поставуваат 17 столбови, на кои ќе бидат прикачени ЛЕД – штедливи светилки.

Локалната самоуправа вложува значителни средства за развој на оваа населба, која порано делуваше отсечено од Карпош. Минатата година, целосно беше реконструирана улицата „Новопроектирана“, со што се зголеми безбедноста и се подобри пристапот за граѓаните кои живеат во овој реон.

Неодамна беше направено и ново детско игралиште, во чии рамки беа засадени и високо квалитетни дрвја, зеленило, а се поставија и клупи и корпи за отпадоци.

Тенденцијата на општина Карпош е плански да ги развива и периферните делови на своја територија. Целта е тие да се подобруваат инфраструктурно и да се формираат нови зони за спорт и рекреација на граѓаните.



ЕКТИ

РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПЕШАЧКИ ПАТЕКИ ВО КОЗЛЕ

Општина Карпош започна со изведба на четири пешачки патеки во населбата Козле. Имено, во тек е реконструкција на два пристапа – влезови кон зградите на улицата „Јуриј Гагарин“, број 43 и 45. Исто така, се прави една пристапна патека во должина на парковското зеленило, со цел граѓаните да имаат безбедно движење вп овој рекреативен дел, како и една пешачка патека од гаражите кон паркингот.

По иницијатива на Одделението за комунална инфраструктура, а во консултација со заедниците на сопственици (куќни совети) од околните згради, Општина Карпош започна со активности за подобрување на пешачката инфраструктура.

Локалната самоуправа и во претстојниот период продолжува со реконструкција на постоечките и пробивање на нови пешачки зони во населбите.





РЕКОНСТРУИРАНИ ДЕТСКИТЕ ИГРАЛИШТА ВО ЖДАНЕЦ И КАРПОШ 4

Деновиве заврши целосната реконструкција на детското игралиште во населбата Жданец. Обновени се старите реквизити со нови, со што се подобрија условите за рекреација на најмладите од овој дел на Карпош.

Во изминатиот период, локалната самоуправа го реконструираше и игралиштето во Карпош 4, на улицата „Никола Парапунов“. Општината етапно ги санира сите детски зони, а оваа година фокусот е насочен кон замена на постоечките подлоги со гумирани.





Прим д-р инфектолог **Маја Василева –Дугановска**

ВАКЦИНАЦИЈАТА - ВИСТИНСКА НАДЕЖ ЗА КРАЈ НА ПАНДЕМИЈАТА

Изминатата 2020 година ќе ја паметиме како тешка година, година посветена на COVID 19, пандемијата. Тешка година за сите, а особено за здравствените работници. Година на социјална дистанца, година на маски, година на изолација. Продолжуваме во 2021 година, со надеж и верба за што побрзо справување со овој опасен и непредвидлив вирус.

Од почетокот на пандемијата се вклучивме во лекувањето на болните со COVID-19, без страв и без двоумење и во континуитет продолжуваме во нивното лекување. Најважно ни е здравјето на пациентите, без резерва, во полна заштитна опрема даваме се од себе, за да ги излекуваме сите кои побараа помош од нас. За жал, некои не успеавме да ги спасиме - вели Прим д-р инфектолог Маја Василева -Дугановска, раководител на Одделот за Инфективни Болести при ЈЗУ ГОБ „8-ми Септември"

Во инфектолошката амбуланта од почетокот на КОВИД пандемијата биле прегледани **10.537 пациенти**, а само во декември биле реализирани **3.000 прегледи** и контроли на пациентите со COVID 19. Болнички биле лекувани **1.467 пациенти** со средно тешка и тешка клиничка слика на КОВИД пневмонија .

Болничкото лекување на пациентите со КОВИД е неопходно кога ќе се јави потреба од кислородна подршка или кога постојат компликации од вирусот .

Многу е важно да се добие навремен болнички третман и секое одложување води до развој на компликации и зголемена смртност. Лекувањето на пациентите со CO VID 19 е сложено и бара тимски пристап од инфектолог , интернист, анестезиолог, рентгенолог, трансфузиолог итн.

Благодарност до сите колеги и здравствени работници кои несебично се вклучија во третманот и грижата на овие пациенти.

Третманот е сложен и опфаќа неколку нивоа на лекување - против самиот вирус и против компликациите од вирусот.





Видови вакцини

Најголемиот бенефит од вакцините се очекува во спречување на средно тешки и тешки форми на болеста, со што болеста ќе биде сведена на обична настинка.
На располагање се неколку видови на вакцини:

Вакцините **Pfizer - BioNTech** и **Moderna** се нови вакцини кои не содржат жив вирус, туку mRNK, информација за производство на т.н. шилест протеин кој се наоѓа на површината на вирусот, одговорен за создавање на антитела кои ќе не заштитат од болест, доколку сме изложени на вирусот. Pfizer вакцината е регистрирана за возраст над 16 години, во 2 дози на растојание од 21 ден, а втората вакцина за возраст над 18 години на растојание од 28 дена, со ефикасност од **95% заштита.** Потребно е да поминат уште две недели по вакцинирањето, до постигнување на доволно ниво на заштитни антитела. Најчести несакани ефекти се локални реакции , болка и црвенило на местото на инјекцијата, замор и болка во мускулите и зглобовите, додека сериозни несакани ефекти како анафилакса се многу ретки.

Вакцините **AstraZeneca/Oxford** и руската вакцина **Спутник**, користат безопасен вирус на настинка (аденовирус), кој го носи шилестиот протеин на коронавирусот, за да предизвика имунолошки одговор.

Кинеска вакцина **Синофарм**, пак користи умртвен вирус, кој не може да предизвика болест, но доволен е да предизвика имунолошки одговор со ефикасност до **86%**.
Вакцините ќе штитат и од новите мутирани соеви.



ЗДРАВА И БЕЗБЕДНА ХРАНА ВО ГРАДИНКИТЕ ВО КАРПОШ

Децата во сите објекти на градинки во Карпош добиваат здрав и квалитетен оброк. Иако градинките работат по протоколи и со намалени капацитети, техничкиот персонал, вработените во кујните целосно се посветени за навремено да обезбедат здрави и квалитетни оброци за децата.

Храната секојдневно е различна, подготвена од сезонски намирници, а се води сметка и за нејзино адекватно складирање, приготвување, термичка обработка и сервирање на оброците. При подготовка на ужинките, се избегнува користење на рафиниран шеќер, а како замена се користат јаткасти плодови, семиња (лен, чиа, семки од текви) или суво овошје.

Главните кујни во градинките на територија на општина Карпош работат и ја подготвуваат храната за децата според ХАСАП – принципите (HACCP – Hazard Analysis and Critical Control Point) што е согласно Законот за контрола и безбедност на храна и материјалите кои се во контакт со храната.

Градинките имаат возила кои ги пренесуваат топлите оброци на соодветна температура која се мери пред нивно транспортирање.

Секој сегмент од целиот процес на подготовка на храна и придружните елементи се одвива според однапред подготвен Протокол кој е изработен од Овластено лице за контрола и безбедност на храната.

Општина Карпош е и прва институционална членка на Европското тело за хигиенски инженеринг и дизајн (EHEDG – European Higienic Engineric and Design Group) која ги запазува европските регулативи за хигиенска опрема. Целта е опремата и машините за производство на храна, во кујните каде што се подготвува храната да го подобрат нејзиниот квалитет преку користење на сертифицирана опрема и машини кои се проверени за работа преку правилниците на ова престижно европско тело.



ЕКО – ИГРАЧКИ И ДИДАКТИЧКИ МАТЕРИЈАЛИ ЗА ГРАДИНКИТЕ ВО КАРПОШ

Минатиот месец, општина Карпош им додели современи играчки изработени од еко-материјали и нови дидактички содржини, на сите детски градинки на своја територија. Станува збор за опрема која дополнително придонесува за развој на когнитивните вештини кај најмладите, кои треба полесно да спознаваат основни појави и процеси. Исто така, новите играчки ја подобруваат моториката кај нив и ги поттикнуваат младите на двонасочна комуникација.

Играчките се прилагодени и на „новото“ време во кое живееме, при што овозможуваат детска игра преку одржување на дистанца.



Разговор со **ЛД Пистолеро**
еден од сопствениците на „Баду бар“

БАДУ БАР
МЕСТО ЗА ДОБРА МУЗИКА

Автор: **Весна Кикова Атанасовска**

„Баду бар“ важи за место во кое се одржуваат најдобрите хип - хоп забави во западниот дел од градот. Идејата кафето да го пиете во опуштена атмосфера со другарскиот и гостопримлив персонал е најостварлива токму во Баду.



Во тукушто изминатата 2020 година сопствениците на барот о славеае осмиот „роденден“ на култниот бар, цели осум години со многу хип - хоп забави и вечерни дружења. Го побаравме **Владимир Пешков - Пеше** или **ЛД Пистолеро** како еден од тројцата косопственици да поразговараме и да му поставиме неколку прашања.

Прво ни беше на ум да ја расчистиме дилемата околу приказната што стои зад името „Баду“



- Приказната започнува како маалска идеја за место кое од самиот старт има за цел да ја негува угостителската дејност и шири култура на највисоко ниво. Името е секако, момент на инспирација, а Ерика Баду е токму таа инспирација, ни вели на почетокот на разговорот Владимир Пешков - Пеше.

Карпошани ЛД Пистолеро го доживуваат како успешен хип – хоп изведувач, а сега веќе и успешен сопственик на урбано препознатливо место, но Пеше е повоздржан околу силните епитети:

- Успехот е, вели тој, *променлива работа, континуитетот е тој што те одржува во живот. Сите дефинираме успех на различен начин. Мило ми е што не сметаат и Вие што не сметате за успешни. Кога би ги поврзал двете работи, би рекол, успехот се гледа преку очите на вработените и коментарите на гостите, ако првите светат и вторите се позитивни. Тогаш, тоа значи дека сигурно сме успеале барем во нешто, а за другото ќе се потрудиме.*

Објаснувајќи ја првичната замисла за постоење на вакво место каде се негува една супкултура, нашиот соговорник објаснува:

- Идејата не беше да се создаде класично хип хоп место, туку место каде што секогаш ќе се слуша добра музика во природен амбиент. Самата населба и тоа што јас се занимавам со хип хоп си го направија своето, па можеби и затоа делуваме на хип хоп место, што апсолутно, бар мене, не ми пречи.

Колку да е позната и востановена „хип-хоп“ база



во Карпош, со „Баду“ и со Ел Пистолеро не завршува приказната тука. Напротив, младите од Влае, но и од сите краишта на Карпош од овие музичари секогаш бараат повеќе: некој настан, концерт, луда журка или?

- Неостварена желба ни е да организираме музички настан во Влае. Плоштадот „Делфина” е идеално место за тоа. Сметаме дека со помош и поддршка од општината можеме да приредиме незаборавен културно-музички настан за жителите на општина Карпош, но и за сите граѓани на град Скопје, предлага еден од сопствениците на „Баду“ барот во Прта Влае Владимир Пешков - Пеше.



Интервју со тату артистот од Карпош
Горан Миќиќ - МГ тату и пирсинг студио

ТЕТОВИРАЊЕТО Е **КУЛТУРА, УМЕТНОСТ,** НО И **ТАЛЕНТ**

Разговараше: **Весна Кикова Атанасовска**



Од година во година, барањата на клиентите во Македонија се доближуваат до оние во Европа: Ако некогаш беа интересни малите товажи, Македонците почнаа да се опуштаат и да бараат реалистични тетоважи и дизајни.

Од соработката со најголемиот бренд за производство на бои „Eternal ink“ креиравме палета на бои кои го носат моето име, достапна за продажба во целиот свет.

Еден од најдобрите тату артисти во Северна Македонија е нашиот карпошанец Горан Миќиќ, тату артист и сопственик на студиото за тетовирање. Довербата на неговите вешти раце му ја имаат доделено многу наши познати личности. Неговиот квалитет и талент е препознаен како во границите на нашата земја така и надвор од неа што беше дополнително мотивација да поразговараме со него.

Кога ја добивте идејата да почнете да се занимавате со тетовирање? Дали станува збор за природен „клик“ или е резултат на образованието?

- Да бидам искрен, сè се одвиваше многу спонтано и непланирано. Од оваа гледна точка мислам талентот кој го поседувам си го направи своето, иако средното уметничко образование ми помогна да совладам некој правец во уметноста. Ако зборуваме за години наназад и почетокот на оваа приказна, моите почетоци беа далечната 2006 година, на мои, не цели, 16 години.

Кога го отворивте првото тату студио, а кога почнавте да работите како тим?

- Пред да основам мое, самостојно тату студио, имав неколку заеднички соработки со други наши артисти, соработки кои ми помогнаа да ги развијам моите менаџерски способности. МГ тату студио се отвори 2013 година и имаше два члена, јас и мојата добра другарка Александра која се уште е дел од МГ. Три години подоцна го добив својот проширен тим кој што до денес функционира беспрекорно.



Во текот на Вашата професионална кариера познато е дека имате работено и во странство. Која е разликата да се работи дома и надвор?

- Моето прво работно искуство надвор од Македонија почна пред десетина години кога почнав да патувам низ цела Европа и да посетувам разни конвенции и култури. Запознавањето со разни тату артисти и работењето со нив придонесоа да ја реплицирам таа култура во нашата земја кога станува збор за тетовирањето. Како најдраго место за работа би го одвоил САД, бидејќи тату културата што ја има таму е многу поразлична од европската и мислам дека најмногу одговара на мојот карактер.

Признанијата или наградите дојдоа спонатно, како резултат на квалитетот. Како ги доживувате?

- Чувството кога ќе добиеш признанија за сработеното е неописливо, особено кога доаѓа од врвни уметници кои цел свој живот си мечтаел да ги запознаеш, а денес стојам рамо

до рамо со нив. Признанијата доаѓаа од речиси секое мое гостување на сите конвенции на кои одев и за време на кои работев напорно. Можам да кажам дека имам освоено награди во многу земји како: Романија, Германија, Грција и други од целиот Балкан. Една од моите најголеми издигнувања беше наградата во Детроит (САД), која ме стави на друго ниво на тату артист.

Кога би требале да издвоите позната личност со која Ви било најинтересно да соработувате, која би била таа?

- Да не ми забележат останатите, сите ми се драги клиенти, но посебна соработка имам со нашиот еден и единствен Перо Антиќ.

Ако зборуваме генерално за Македонците како народ, што најмногу сакаат да тетовираат?

- Многу ме радува фактот дека од година во година, барањата на клиентите во Македонија се доближуваат до барањата на клиентите во Европа. Полека но сигурно се намалува разликата меѓу европската и македонската култура. Ако некогаш беа интересни малите товажи, од пред некоја година Македонците почнаа да се опуштаат и да бараат реалистични тетоважи и дизајни. Сметам дека социјалните мрежи си го направија своето, не само кај нас, туку и во целиот свет.



Сите ми се драги клиенти, но посебна соработка имам со нашиот еден и единствен Перо Антиќ





Најголемо достигнување на професионален план што Ве направило горд?

- Мислам дека ова прашање го одговорив и претходно без сомнение. Тоа е првото место кое го освоив во САД на тату конвенција во Детроит. На исто ниво би ја додал соработката со најголемиот бренд за производство на бои „Eternal ink“ со кои заедно креиравме палета на бои кои го носат моето име, достапна за продажба во целиот свет.

Најинтересна желба за тетоважа од клиент Ви е...?

- Ова прашање ми го поставуваат речиси сите, но за жал не можам да одвојам ниту една, бидејќи сите си носат своја приказна во која од мене е вложено многу љубов и труд.



КАКО КОМУНИЦИРАВМЕ
ВО ПАНДЕМИСКАТА 2020 ГОДИНА?

ЛИДЕРИ ВО **САЈБЕР ПРОСТОРОТ**

Автор: **Ива Зафировска**



Во корона годината зад нас, научивме многу. Дека покрај сé, мораме да останеме сервис на граѓаните, но и дека мораме да се менуваме во óд. Тоа значи благовремена замена на физичкио контакт со секој и секаде во дигитална комуникација. Притоа, никако не смееше да се занемарат едни од најзначајните услуги и функции кои ги врши општината како сервис на граѓаните, а тоа е постојаната комуникацијата со нејзините жители. Таа треба да биде увото и гласот на граѓаните. Постојано да слуша и сослушува што имаат тие да кажат и да им соопштува што се е сработено за нив. Таквиот вид на двонасаочна комуникација ја градиме и ја надградуваме од година в година, а не запревме ниту во тукушто изминатата година. Успеавме да ја зголемиме видливоста на Општината, на Градоначалникот и на Со-

ветот преку веб страницата и социјалните мрежи и тоа повеќекратно. Сето тоа го реализиравме преку користење нови мултимедијални продукти: кратки видеа, анкети, флеш вести, креативи сл., кои беа пласирани преку социјалните мрежи и официјалната интернет страница на Општината како најупотребувани канали на комуникација.

Како новина која сме ја вовеле во јуни 2020 година е користењето на алатката Google Search Console која ни помогна да го измериме сообраќајот и ефикасноста на пребарувањето на нашата веб страница, да ги поправиме проблемите и да направиме нашата интернет страница да блесне во резултатите од пребарувањето на Google.

Алатката генерира извештаи каде е опишано кои страници од нашата интернет страница биле најмногу прочитани, преку кој уред се прегледани, и кој збор или фраза е најчесто пребаруван на Google во однос на нашата општина. Аналитиката ни кажува како граѓаните не пребаруваат на Google. На пример, во Google внесуваат „општина карпош„ , „opstina karpos“ или „karpos gov mk“.

Извештаите се генерираат секој месец и во нив е детално опишано, колку посети сме имале на сајтот, кои страници граѓаните најмногу ги интересирало, преку кој уред пребарувале (компјутер, мобилен или таблет), и од каде доаѓаат кликањата дали преку сајтот, дали преку некоја наша фотографија која ја сретнале на Google, или преку некое наше објавено видео. Најпосетувани страници ни се страницата за ДУП-ови, Службен Гласник и страницата Контакт.

Како еден од клучните комуникациски канали/медиум на Општината е веб порталот, односно интернет страницата www.karpos.gov.mk

Таа, меѓудругото, функционира и како дневен портал, со постојано апдејтирање на најновите вести **(200 новокреирани минатата година)**, настани и активности на локалната самоуправа.

Според статистичките показатели имаме **трикратно поголема посетеност на веб** страницата на Општина Карпош, односно **над 116.000 посети** на страницата, со пласиран и над 200 вести од општинските активности, а **68,7 илјади** луѓе не пребарувале на google: Засилено сме комуницирале и на социјалните мрежи. Во прилог на ова ни оди аналитиката која вели дека во изминатата година на **facebook** страната имаме **17,836** лајкови, што е зголемување за над **2.200** од годината претходно.

На општинскиот налог на **twitter** на кој имаме 2,816 следбеници, **над 500 повеќе** од пред тоа.

Драстично е зголемена комуникација на **Instagram**, каде не следат **2,461** Followers.

Total post 216
(зголемено за 100%)

Likes received 18.400
(зголемено за 100%)

Comments received 87
(зголемено за 100%)

Impressions 853.8k
(зголемено за 90,2%)

Reach 300.7k
(зголемено за 172,2%)

На профилот на **LinkedIn** имаме **3,888** Conncetions (поврзувања) (зголемување од лани 2019 година за близу 300) и по **400 прегледи** од пост.

Паралелно, за зголемување на видливоста на Општината придонесе и комуникацијата на институцијата Градоначалник која забележа:

Facebook - 24,018 people like this - за околу **3000 лица повеќе** од лани, а на сметката на Instagram - @sbogoev, градоначалникот го следат повеќе од 11.4k (илјади) followers за **над 1.000** повеќе од лани.

Инаку како што ние дигитално комуницираме, така и медиумитне следат. Односно според press clipping квантитативната анализа од 7.614 објави во медиумите за нас, 6.842 биле објави на интернет портали, 606 во печатени медиуми и 166 на телевизиите. Тоа, инаку кажано, значи дека „сме на ист пат“, односно комуницираме во ист простор, на ист јазик.

Сето ова не вбројува меѓу најкомуникативните општини, која ги користи и дигиталните и традиционалните медиуми, па и според Институтот за добро управување и евроатлански перспективи, истовремено своја веб страница, како и присуство на социјалните медиуми (Фејсбук, Твитер и Инстаграм) и оваа година имаат само Градот Скопје и Општина Карпош меѓу сите други во државата.





ПРОЕКТОТ **„REPLACE“**
- НОВА МОЖНОСТ
ЗА ГРАЃАНИТЕ НА
ОПШТИНА КАРПОШ

КАКО ДО ПОЕВТИНО **ЕКОЛОШКО ГРЕЕЊЕ?**

Автор: **Дипл. Инг. Љупчо Димов**
Раководител на одделението
за Енергетска Ефикасност

Анализите покажуваат дека 38% од домаќинствата во општина Карпош користат електрична енергија за греење, 29% од домаќинствата се поврзани на централниот систем на греење, а дури 33% користат дрва или фосилни горива за загревање на своите објекти.

Новиот проект „REPLACE“ од програмата Хоризон 2020 на ЕУ во кој е вклучена општината Карпош, заедно со општините Аеродром и Ѓорче Петров е дел од десетте земји од Западна, Средна и Југоисточна Европа во кои заеднички се реализира овој проект.

Проектот е насочен кон граѓаните како индивидуални корисници на системите за греење и ладење во сопствените и колективните објекти за домување.

Главна цел на проектот е воведување енергетски ефикасно и економски прифатливо греење и ладење, при што главни придобивки на корисникот се заштеда на електрична енергија и пари, подобар квалитет на воздухот и придонес во обезбедување на зелена иднина.

Затоплувањето се смета како еден од најголемите чинители за загадувањето на воздухот во нашата средина. Во досегашниот период, од почетокот на проектот се направени анализи на системите за греење во општината и формирана е база на податоци за сегашната состојба.

Анализите покажуваат дека **38%** од домаќинствата во општина Карпош користат електрична енергија за греење, **29%** од домаќинствата се поврзани на централниот систем на греење, а дури **33%** користат дрва или фосилни горива за загревање на своите објекти.

Активностите во проектот се насочени кон граѓаните и имаат за цел да ги информираат и мотивираат истите за замена на своите стари и неефикасни уреди за греење и ладење со подобри и еколошки алтернативни системи.

За таа цел ќе се спроведат и информативни кампањи, во текот на кои стручните служби во општината ќе функционираат како инфо центар за граѓаните. Во моментот се изработува **„REPLACE – КАЛКУЛАТОР за Вашиот систем за греење“**, кој ќе биде јавно достапен на интернет страницата на општина Карпош (www.karpos.gov.mk) со што граѓаните самостојно или со стручна помош на лицата во одделението за Енергетска Ефикасност ќе можат да проверат кои технички решенија за замена на постојниот систем се применливи и какви финансиски импликации предизвикува таквата промена врз нивниот семеен буџет.



Во ситуација кога во моментот на национално ниво се уште не функционира законската обврска за формирањето на „Регистарот на ЕСКО компании од делот на греење и ладење“, проектот ќе се занимава и со евидентирање и соработка со тие компании и нивната комуникација со граѓаните заинтересирани да вложат во сопствените системи за греење.

Акцијата за почиста животна средина, помала емисија на PM10, PM2.5 честичките и намалени емисии на CO2 во воздухот е долготраен процес кој подразбира двострана активност на општината и на граѓаните за почиста околина и поудобни и хумани услови за живеење.



ЖЕНИТЕ,ПАНКОТ И РОДОВИТЕ СТЕРЕОТИПИ

ЗА ДОБАР ПАНК - **НЕ** МОРА ДА СЕ БИДЕ **НЕЖНА, СЕКСИ** И **ЗГОДНА!**

Иако панкот како културен феномен во 70-те години траел релативно кратко, тој сепак создал еден неисцрпен простор за анализа, како на естетски, така и на социјален план.

Пишува: **Весна Кикова Атанасовска**



Панк–рок стилот, како стил на живеење, ги отфрла сите востановени норми на општественото живеење на младите луѓе во светот, а со тоа се отвори дополнителен простор за жените да создадат своја верзија на творење уметност како и да ги презентираат своите музички способности.

Гледано од родова перспектива, проценката на местото и улогата на жените во настанувањето и развивањето на панкот како музички правец и како социјално движење е од исклучително значење за расветлување на овој културен феномен.

Во панкот превладувал двојниот стандард во однос на сексуалноста. Првата опција за моќта и популарноста на жените била преку нивното етикетирање како нечии придружнички/девојки или „групи“ девојки, што не е случај за мажите во панкот, кај кои нивната сексуалност никогаш не избивала во преден план и не влијаела врз нивниот панк статус. На жените се гледало како на моќни сексуални објекти кои служат за привлекување и потикнување на маскулинистичката хетеросексуална желба. Или пак моќната улога на жената во панк културата се должела

на нејзината женственост, но само како нечија сопруга, девојка, фан или девојка за придружба.

И покрај тоа што жената на различни начини успеала да биде прифатена во „машката“ супкултура, сепак треба да се напомене дека отпорот на жената во панкот произлегува токму од превласта на родовите идентитети кои се провлекувале низ панк супкултурата. Континуираното маргинализирање на жената, доаѓало од доминантните водачи на панкот, за кои е главен машкиот интерпретатор, кои го зацврстувале потчинетиот, инфериорен статус на жените.

За жените, панк музиката била отворен простор за истражување, спонтаност и промени во стилот, начинот на живеење, во однесувањето и сликата за тоа што значи да се биде женско. Преку различните стилови на пародија на родовите, прикажувањето на асексуалноста, безродовоста и трансродовоста, за панкот како супкултурно движење може да се каже дека бил социјална мешавина од новосоздадени безродови улоги.

Три пионерки во панкот успеале на свој начин да покажат што значи да се биде жена во музиката, отфрлајќи ги стереотипните родови одлики кои дотогаш важеле во панк и рок музиката. Успеале да го разбијат митот дека мора да се биде нежна, секси и згодна девојка за да се успее во светот на музиката. Воедно, тие покажале дека жената може да биде моќен дел од музиката, без зад неа да стои авторитетен маж. **Пети Смит**, со својот родово неопределен, но сепак повеќе маскулинистички изглед и говор, **Дебора Хари** (пејачка во групата „**Blondie**“), со својот иронично женствен изглед, но со силен став и начин на интерпретирање на панк музика и **Тина Вејмут** (бас гитаристка во групата „**Talking heads**“), со својот родово неутрален изглед и како прва жена бас гитаристка, биле трите жени кои на три начини допринеле во отфрлањето на стереотипните родови улоги и изглед пред сè во панк – рок музиката, но и пошироко од неа.

Да се биде жена и да се биде панкерка, изгледа како да постојат два различни идентитети. Како што вели Џулија Доунс: „Панкот е вид на популарна култура во која доминантните родови и сексуални категории се социјални конструкти, кои одново се создаваат и циркулираат. Панкот претставил суштински стратегии за спротивставување, за преуредување и преработување на овие доминантни родови и сексуални норми“. Оваа супкултура им пружила слобода на жените да ги истражуваат родовите граници, им помогнала да ја покажат сопствената моќ, лутина, агресија, дури и нивната вулгарност. Панк музиката и културата во суштина не биле машки, но социјално се продуцирале преку маскулинистичките родови улоги, дискурси и практики. Како и да е, овие нови претстави за жените како активен дел од панк музиката придонеле во уривање на стереотипите, па оттаму со отфрлувањето на условената женственост, жената се оддалечила од патријархалното обезвреднување на женственоста воопшто.

Од панкот како музичка и културна револуција, генерално земено, поголема еманципаторска придобивка имале жените, откол-





ку мажите. Жените се здобиле со двојна придобивка, односно, како дел од панк движењето, заедно со мажите следбеници на ова движење ги отвориле портите за слободата на говор и изразување, а како втора придобивка е ослободувањето од длабоко вкоренетите родови стереотипи во општественото живеење, кои дотогаш важеле за жените, барем што се однесува до музиката, начинот на живеење и на облекување.



РАЗГОВОР СО МЛАДАТА АКТЕРКА **ИРЕНА ИЛИЕВСКА**, ЗА ТЕАТАРОТ, ТУРСКИТЕ СЕРИИ И ЉУБОВТА КОН КАРПОШ

КАРПОШ СЕКОГАШ ЌЕ МИ БИДЕ „ДОМА"

Пишува: **Весна Кикова Атанасовска**

Карпош ми е детството и младоста! Клупите во паркот, во населба, уште ми мирисаат на првата љубов. Во Карпош ми е првото пиво испиено со другарките, првите дотерувања, излегувања, дружења.

Лицето на нашата соговорничка ни е познато најмногу од телевизиските народни приказни и бројните театарски претстави низ речиси сите театри во Македонија. Но нешто што можеби помалку се знае за неа, е дека таа е и најслушаниот глас од синхронизираните турски серии. Ирена е дипломирана драмска актерка која играла театарски претстави во охридскиот, велешкиот, драмскиот театар во Скопје, но и во некои приватни театри како театарот „007“. Нејзино моментално работно место е во „Канал 5 телевизија“ каде ги синхронизира речиси сите главни ликови во турските серии и ликови во народните приказни кои се прикажуваат на оваа програма. Местото на живеење, средното образование, факултетот како и нејзиното сегашно работно место се на територијата на Општина Карпош што е меѓудругото дополнителна причина да и поставиме неколку прашања.

Добитник сте на награда за најдобар млад актер, ако може да ни кажете нешто повеќе околу тоа?

- Некаде во ноември 2017-та година, тогашниот директор на велешкиот театар „Јордан Хаџи Константинов – Џинот” ме повика да гостувам во нивниот театар, во претставата “Тоалет за дами”. Ми беше задоволство да престојувам во градот на Рацин, одблизу да се запознаам со целата екипа во театарот, како и со велешката публика. Ја прифатив понудата. Премиерата на таа претстава се случи во јануари 2018 година. И веднаш по неа, добив понуда од истиот ансамбл да учествувам во детска претстава „Заспаниот суперхерој”. И таа понуда ја прифатив, бидејќи веќе со поголемиот дел од ансамблот работев во првата претстава, па и вториот ангажман без размислување го прифатив. Пролетта 2018 година во Велес почнаа подготовките за одржување на фестивалот на античка драма во Стоби. Слушнав дека ќе дојде режисер од Ерменија, кој ќе ја режира претставата за отворањето на фестивалот, но знаев дека јас сум таму како гостин и дека само вработените ќе одат на кастинг. Но, еден месец пред да почнат пробите за претставата, режисерот Хакоб Газанчјан дојде во Македонија, да си направи кастинг. Решил да ги изгледа претставите од целиот репертоар и на тој начин да си ја одбере екипата. Па, така, ја гледал и претставата „Тоалет за дами”, која сеуште си ја играв на репертоар. Утрешниот ден Хакоб дојде во Скопје и ми соопшти дека јас сум неговата Лисистрата, од истоимената претстава, која ќе ја режира за отворањето на фестивалот. Ми кажа дека е информиран дека не сум дел од ансамблот на велешкиот театар и дека ќе инсистира и во овој проект да учествувам како гостин. Мене ми остана да се договорам за неплатен одмор со претпоставените на работа, бидејќи сум вработена во Канал телевизија. Одтаму наидов на разбирање, како и секогаш, и понудата ја прифатив. Така започна уште една авантура со оваа екипа, уште едно искуство, кое ме искачи едно скалило погоре како актерка, ме научи на многу нови работи, од актерски, до меѓу човечки односи и ми ја донесе првата награда, за најдобар млад актер. Се играа уште некој период овие претстави на репертоарот на театарот, мислев дека соработката ќе продолжи, веќе ги чувствував како свои тие луѓе. Но, работите се променија, директорите се проме-



нија, внатрешната политика во театарот очигледно се промени и нашата соработка престана. Како и да е, имам убави спомени од таму и сигурна сум дека некогаш повторно ќе соработуваме.

Дали како драмски актер Ви беше предизвик да почнете да синхронизирате серии?

- Апсолутно, се што е ново за мене и што е поврзано било како со мојата професија, ми претставува предизвик. Синхронизацијата, во некои други земји е посебна професија, се учи како предмет на факултет, дури има и курсеви да се стекнете со способност да го работите тоа. Тоа е една гранка од мојата професија на која некаде и се придава големо значење. Таа има свои правила, има свои техники и доколку сакате да се занимавате со тоа професионално, тогаш навистина треба да се потрудите. Погледнете ги само дизни цртаните и ќе сфатите каков предизвик може да биде самата синхронизација, така што дефинитивно ми беше предизвик да научам да го работам тоа. Без разлика што сега синхронизираме турски серии, праксата си е пракса, можеби утре тие турски серии ќе бидат заменети со филмови, дизни цртани итн.

Имате одиграно бројни театарски улоги во македонските театри, но која улога би ја издвоиле?

- Да, така се погоди, да шетам низ театарите како гостин, да собирам искуства и да запознавам колеги од другите градови. И многу сум среќна поради тоа. Дипломирав пред 7 години и како и секој млад актер, се надевав дека ќе најдам место во еден од театрите во својот град. Но, знаете како е со Скопје, најголемата гужва е тука. Другите градови, за разлика од мојот град, ги „собираат" своите деца. Овде се е поразлично, што е и нормално за главен град. Додека одев од кастинг на кастинг за вработување и едвај чекав да си најдам матична куќа тука, дома, не одбивав ниту една понуда и не престанав да работам. Гостував во Драмски театар во Скопје, во неколку проекти на приватни театри, во Велешкиот театар, во Охридскиот театар...
Секоја улога ми е ново актерско созревање, секоја соработка со нова екипа ми е ново искуство, секој град своја приказна... но, ако морам да одвојам, најчесто си се навраќам на претставата од Вуди Ален, „Централ парк запад", во продукција на „Театар 007" и во режија на Игор Ивковиќ, која ја игравме долго време на малата сцена во универзална сала во Скопје. На оваа претстава со задоволство би и се вратила во секое време.





Дали имате некоја желба на професионално поле што не Ви е исполнета, а би сакале да Ви се исполни?

- Па би сакала конечно да си најдам свој матичен театар и да си имам свој театарски дом. Не дека ми е доста шетање хехе, секогаш ќе сакам да соработувам со нови луѓе и екипи, но мислам дека веќе е време да станам дел од една екипа и да речам - овде сум дома и ова се мои луѓе. Имам и други желби, многу желби хаха... На пример сакам да ми се случи и нов филм, сакам да ми се случат нови соработки и работилници со колеги од Европа и светот, сакам уште да учам и да се надоградувам, сакам постојано да работам, зашто кога го работите тоа што го сакате, ни сами не можете да се сопрете.

Прелистувајќи ја Вашата биографија евидентно е дека Карпош е базата и за професионалниот и за приватниот живот уште од најмали нозе, кои се Ваши омилени места во Карпош?

- Карпош ми е дома! Од Карпош ми се мама и тато. Тука ми се првите чекорчиња. Карпош ми е детството и младоста! Детството кое ми започна во градинката Пролет во Козле, па основното училиште „Владо Тасевски". Младост, во гимназијата „Здравко Цветковски", пубертет, пропуштени часови, испиени кафиња во Лептокарија и бифето на Драмски театар. Карпош ми е љубов! Клу-



пите во паркот, во населба, уште ми мирисаат на првата љубов. Во Карпош ми е првото пиво испиено со другарките, првите дотерувања, излегувања, дружења. Во Карпош ми е ФДУ, факултетот на кој дипломирав актерска игра. Секое ќоше во Карпош ми има своја приказна и ми чува по некој спомен...има уште многу, но да скратам, Карпош секогаш ќе ми биде „дома".

Кратка порака до жителите на Карпош?

- Да бидат горди што се жители на Карпош. Да си го чуваме! Секое дрвце, секоја клупа. Да ја сочуваме секоја зелена површина. Да си го чистиме отпадот зад себе, за нас да ни биде убаво. Карпош се сака со срце и душа!



Разговор со младата тенисерка **Катја Ивановска**,

КАТЈА ЦЕЛИ **КОН СВЕТСКИОТ ТЕНИСКИ ВРВ**

Автор: **Мила Гавриловска**

Тенисот е спорт во кој е потребен голем напор и себевложување. Исцрпни тренинзи по неколкупати во денот, сила и енергија за натпреварувањата, стрес и исчекување... ова е само дел од она што се бара да се премине за да се постигне саканата цел во тенисот.

Токму таква е карпошанката Катја Ивановска, која има само 13 години, а од сето ова ништо не и е тешко, туку напротив, се стреми да биде се подобра и подобра во нејзината избрана, можеби дефинитивна идна професија.

Таа е одлична ученичка во ООУ „Војдан Чернодрински“ и покрај напорните тренинзи, секогаш наоѓа време за училиштето. Како најталентиран спортист и заслужен стипендист на Општина Карпош, во тениското спорт, Катја зборуваше за нејзините почетоци, сегашните успеси, но и идни планови.

- Најпрво би се заблагодарила на Општина Карпош и на сите мои професори од ООУ Војдан Чернодрински, за неизмерната поддршка во она што го сакам. Премногу сум среќна што сепак сеуште постои некој кој може да ја забележи мојата макотрпна работа и секако, соодветно да ја вреднува. Ти благодарам Општино моја. – низ насмевка ни вели Катја.

Веќе на само осум години, Катја си го пронајде своето место на тениските терени.

- Така е, можеби многу мала но сепак бев одлучна дека сакам да започнам да тренирам тенис. Имав голема желба да ги гледам тениските натпреварувања на телевизија и така ми се роди желбата и јас да бидам еден ден дел од големите тениски случувања. – вели Катја.

Нејзиниот тениски клуб целосно ја поддржува за секое наредно натпреварување.

- Тренирам во тенискиот клуб МТП со Владимир Чубриновски. Тенисот е мојата петгодишна љубов и ќе продолжи да биде и натаму. Исто така тренирам и фитнес во Fight Factory со тренерот Миро.

Во петгодишното тренирање и натпреварување, Катја има создадено во својот дом вистинска мала колекција од пехари и медали. Големата желба да биде врвна и позната тенисерка, беше голем поттик јуниорката Катја да го освои првото место на Државно првенство на Македонија до 14 години.

- Секако, најмногу се радував на пехарот кој го освоив на Државното првенство во Македонија за малди тенисери до 14 годишна возраст. Меѓу омилените ми е и освоеното второ место на Tennis Europe double, кое се одржа во Тирана – мотивирано одговори Катја.

Натпреварувањата на големите тениски игралишта и светски турнир и натаму се голем сон за Катја. И покрај тоа што сега за сега, само ги гледа, во иднина цели да биде дел од нив и сигурно да зачекори на игралиштата како што тоа го прават врвните тенисери.

- Сакам да играм на големите светски турнири, но најомилени од нив ми се „Wimbledon”, Roland Garros”,Australia Open” и US Open. Ќе продолжам напорно да тренирам и се надевам дека ќе успеам да ја остварам мојата цел. Мои идоли се Новак Ѓоковиќ и Симона Халеп. Би сакала да ги запознам големите тениски имиња, а се надевам дека во иднина можеби ќе имам и можност да играм со некои од нив. – одлучна е карпошанката Катја.



Катја Ивановска е девојче кое неуморно цели кон врвот, а таквите таленти секогаш успеваат да го достигнат замисленото. На Катја, и посакавме успеси во иднина и можеби еден ден нашата карпошанка навистина ќе се најде на врвот од листата на најдобри светски тенисреки.



Разговор со **Марко Серафимовски**

МАРКО И МАТЕМАТИКАТА -НЕРАЗДЕЛНИ ДРУГАРИ

Автор: **Мила Гавриловска**

Образованието е незаменлива патека за успех во понатамошното растење и развивање на една индивидуа. Осмооделенецот Марко Серафимовски, успешно „гази“ по оваа патека уште од прво одделение.

Со најмногу освоени поени тој го освои заслуженото прво место во трката за талентиран ученик, со што стана стипендист на Општина Карпош. Марко Серафимовски учи во ООУ„Владо Тасевски“ и е одличен ученик.

Марко, какво е чуството да знаеш дека покрај толкав голем број ученици во Карпош од сите кандидати, токму ти ја имаш таа чест да бидеш на врвот?

- Чувството е убаво и се надевам дека и во иднина ќе можам да ја имам оваа чест. Сакам да им се заблагодарам на сите кои ме поддржуваат, мотивираат и учат, бидејќи тие имаат голем удел во мојот успех.

Кој е твојот најомилен предмет во училиште?

- Од сите предмети најмногу ја сакам математиката. Уште од мал го сакав овој предмет, но вистински се заинтересирав за неа кога имав девет години, пред мојот прв натпревар. Првите запознавања ги добив од дедо ми и татко ми со кои заедно решававме задачи. Од тогаш мојот интерес за математиката само се продлабочуваше.

На кој начин го совладуваш тешкиот материјал?

- Оваа година наставата се одвива многу поразлично од претходно и оваа ситуација предизвика многу промени во секојдневието и начинот на учење. Потребно е сите да се трудиме да го направиме тој процес подобар. Без физичко присуство, материјалот е потежок за изучување, но истиот може да се совлада полесно, доколку имаме помош од родителите за нештата кои не ги разбираме и доколку сме пофокусирани.

Кои се твоите најголеми успеси по државни, регионални првенства, на кои натпревари си учествувал и кој е резултатот од истите?

- Сум учествувал на четири општински натпревари, четири регионални натпревари и две државни натпревари по математика, и на исто толку наптревари по биологија, односно во природните науки. Покрај тоа, имам и учествувано на два натпревари по музичко образование, три натпревари по виолина и еден натпревар по германски јазик. На овие натпревари имам добиено вкупно **25 награди** од кои, од нив, имам **13 први награди**, **десет втори** и **две трети награди**. На натпреварите по природни науки имам добиено седум награди под менторство на професорката Емилија Василева Чоловиќ. Најголем успех на натпреварите имав минатата година, кога бев трет на вкупната бодовна листа на државниот натпревар по математика со освоена втора награда, а исто така добив и пласман на Јуниорската математичка македонска олимпијада до 15,5 години, под менторство на професорката Силва Атанасова. Покрај тоа, добив и сертификат за особен успех по биологија под менторство на професорката Соња Тануркова. Би сакал да се заблагодарам на професорите за нивната поддршка, помош и посветеност. Сепак, овие успеси ги сметам за заеднички.

Дали доколку се случи да не си доволно подготвен на часот и добиеш помала оценка, се разочаруваш или пак знаеш дека тоа следниот пат ќе биде подобро?

- Според мене многу е нормално да бидеме разочарани по добивање на помала оценка, но особено е важно да не дозволиме една грешка да не обесхрабри. Сметам дека секој проблем има решение, така што дури и доколку се случи ваква ситуација, мислам дека е поважно да се фокусираме на тоа како ова да го решиме отколку да размислуваме на тоа како сме можеле да го избегнеме. Покрај се, патот до успехот е полн со предизвици кои ние треба да ги преминеме.

Што понатаму, односно каде се гледаш себеси за неколку години од сега, кон што ќе целиш наредниот период?

- Не сум размислувал многу на ова поле. Но, се разбира дека сакам да ја продолжам мојата едукација и да научам нови работи. За другото, времето ќе покаже, но како што кажав претходно, најмногу сум заинтересиран за природните науки и математиката. Мојата цел оваа година е да постигнам уште поголеми резултати од претходно.

Но знаејќи го ентузијазмот, љубовта и псоветеноста кон математиката, високите резултати во понатамошните натпреварувања на Марко не се веќе само очекувани, туку некако се задолжителни.





ВКУСОТ НА **ТУРСКИТЕ МОРИЊА**

Автор: **Ивана Пендовска Вукашиновиќ**

Во време на пандемија, не секој се осудува да отвори ресторан. Посебно не некој кој тежнее да биде „топ“ реномиран, со специјалитети кои се специфични за турската кујна и кои годат со квалитетот и свежината, како што ги нуди рибниот ресторан „Лангуста“. Нешто сосема ново за нас и несомнено - оригинално.

Таквиот чекор, којшто на почетокот можеби беше несреќна коинциденција, (бидејќи стартот на работата на посакуваната рибна дестинација „Лангуста“ се поклопи со стартот на корона пандемијата), сега веќе се докажа дека е позитивна и успешна инвестиција. Само 15тина дена пред да се прогласи пандемијата, ресторанот „Лангуста“, почна со работа, а сега, на 12-ти февруари годинава ќе го прослави и својот прв роденден. Може да се пофали со веќе стекнато реноме на одличен рибен турски ресторан, голем број на посетители и што е најважно, богато мени подготвено од професионалци, на кое никој не останува рамнодушен. Свежината и разновидноста на морскиот свет, кои го нудат на самото мени, нè прави неодлучни во изборот, а нив пионери меѓу ресторaните.

Не е ништо ново дека низ нашата општина Карпош имаме голема понуда на ресторани кои ќе го задоволат и најистенчениот вкус, но тоа што веќе една година ги мами карпошани да го посетат ресторанот „Лангуста“е нешто што досега не сме го вкусиле или ретко кој го пробал. Барем не на таков ориентален начин.

Овој реномиран рибен ресторан се наоѓа на самата граница каде се разделуваат „Центар“ и „Карпош“, кој во своето богато мени нуди рибни специјалитети кои се специфични токму за турската кујна. Токму поради тоа ресторанот е уникатен и му дава извесна комоција во „морето на угостителството“ па оттаму не ги гледа останатите рибни ресторани низ Карпош како конкуренција. Ова, без лажна скромност го вели менаџерот на самиот ресторан, Асан Даутовиќ.

Секако дека при посета во ресторан, најпрво сакаме да бидеме задоволени од асортиманот и изборот на храна. Во „Лангуста“, верувајте најпрво ќе Ве понесе прекрасниот и топол амбиент, мултиетничкиот репертоар на музика што ја негуваат од целиот Балкан и пошироко, но и љубезноста и професионалноста на самиот персонал. Ова е делот кој го комплетира уживањето и кој е иманентен токму за турскиот менталитет. При изборот на храна, посетителите најмногу ги фалат мезињата и предјадењата во нашиот ресторан, вели Даутовиќ според едногодишното работно искуство на „Лангуста“. Но, она што на менаџерот најмногу му импонира, е она што го велат самите гости на ресторанот: „Направивте да се почувствуваме како да сме некаде во Турција и потоа повторно не вратите во Скопје".

- Ние сме нови, уникатни, и во услуга и во специјалитети, но во цените не се разликуваме од останатите, и тоа е нашата тајна на почетниот успех, вели менаџерот Асан Даутовиќ.







КОРОНА ПРЕДИЗВИК: „ЗАПОЧНИ ГО СВОЈОТ БИЗНИС"

Автор: **м-р Александра Теова**



Во октомври Здружението на граѓани ЦПКР започна со реализација на проектот "Започни го својот бизнис". Проектот беше дел од Програмата на Секторот за развој при Општина Карпош. Целта на проектот беше да се обучат 12 жени кои во периодот на Корона останале без работа, а се жители на Општина Карпош, како да станат претприемачи и да ја свртат судбината во своја корист.

Во процесот на селекција на жени кои ќе учествуваат на обуките за претприемништво беа дефинирани критериуми согласно дизајнот и целта на проектот, односно како главни предуслови беа да имаат живеалиште во Општина Карпош и да се мотивирани да започнат сопствен бизнис. По пристигнатите 18 пријави (преку електронски формулар на Google Forms), беа избрани и поканети 15 учеснички и покрај фактот што со проектната идеја беа предвидени да се обучат 12. Пријавените беа на возраст од 19 до 59 години, со просечна старост од 36 години. Петнаесетте од нив беа невработени во моментот, а најголем дел одговорија дека тоа е поради пандемијата од КОВИД 19.

Обуките беа поделени во три модули кои беа реализирани во текот на ноември и декември, во вкупно времетраење од девет дена, распоредени за време на викендите. Согласно рестрикциите поради пандемијата, сесиите се одржуваа виртуелно, преку платформата на Microsoft Teams и траеја помеѓу 3 и 4 часа. Најпрво се одржа сесија за запознавање и проценка на потребите кое им помогна на обучувачите да ги креираат обуките согласно нивните потреби.

Понатаму, трите модули распоредени во осум дена ги опфатија областите: правна и даночна регулатива, основи на претприемништво и бизнис идеја, брендирање, дигитален маркетинг и пристап до финансии. Тренинг сесиите опфаќаа како теоретски, така и практичен дел, со вклучување на учесничките преку директна интеракција, прашања, квизови, игри и др. Една од главните задачи им беше да развијат сопствена бизнис идеја, кои идеи подоцна, на една од сесиите беа менторирани и дискутирани.

Секоја од учесничките се стекна со сертификат за учество на обуките.

По комплетирање на активностите, учесничките во проектот можеа да пополнат прашалник за евалуација на обуките. Сите учеснички позитивно ги оценија и самата програма и обучувачите, при што 83% од нив дури со највисока оцена. Главната забелешка на ваквиот начин на квалификации за стартап бизниси, се однесуваа на функционалноста на платформата Microsoft Teams, а се наметна и констатацијата дека е различно искуството на виртуелни обуки наспроти оние со физичко присуство.



@milos_vuksanovic



@gigo6

#Фото



@vladimir.ivanovski



@mirkovskavesna



@ir.na



@mimi.r

Натпревар



@sanja3



@olga.n



Општина Карпош се сеќава на Тоше Проески, нејзиниот сограѓанин и нашата најголема музичка ѕвезда. Тој годинава, на 25јануари, ќе наполнеше 40 години. Вообичаено, во овој период од годината, локалната самоуправа го организираше Меморијалниот турнир во мал фудбал во чест на Тоше, во соработка со здружението на стопанственици – Власи, „Мандра“.

На овој спортски натпревар традиционално учествуваа екипи од Нова Градишка (Хрватска), Серес (Грција), Карпош, Крушево, неколку места кои беа значаен белег од животот на Тоше, како и со учество на тимови од неколку приватни компании.

Сепак, поради пандемијата од КОВИД – 19 овогодинешниот турнир е одложен, со цел да се заштити јавното здравје.

Тоше, во последните години од својот живот беше граѓанин на Општина Карпош, како жител на населбата „Свети Јован“ во Злокуќани.

Општина Карпош продолжува да го негува спомент на нашата музичка ѕвезда, кој беше и остана синоним за многу доблести, симбол на хуманост и солидарност.

Преку хуманитарните и спортски натпреварувања се сеќаваме и го одржуваме спомент на Проески, а на младите им го пренесуваме неговиот дух – да бидат подобри граѓани во заедницата.

СОЦИЈАЛНИ **МЕДИУМИ**

Enis Karahasan-Boškovski
Особено за кабастиот отпад - треба почесто да се организира фрлање на истиот во саботите, како што се направи неколку пати во минатото. Многу почесто се појавува кабаст отпад него што очекувате...

Like · Reply · 5 d

Author
Stefan Bogoev
Здраво **Enis Karahasan-Boškovski**. Да, секако дека ќе се организираат акции и со поставување на неколку контејнери на клучни локации.

Aleksa Tomeski
Кој ќе стопанисува со конакот, општината, градот или МПЦ

Like · Reply · 1 w · 1

Author
Stefan Bogoev
Aleksa Tomeski ќе стопанисуваат од манастирскиот комплекс.

Like · Reply · 1 w · 2

Aleksa Tomeski
Уште нешто, дали ќе функционира ресторанот и летната бавча како што беше во минатото, имам многу убави моменти од тогаш.

Like · Reply · 1 w · Edited

Author
Stefan Bogoev
Aleksa Tomeski Сега за сега не е предвидено фунционирање на ресторанот.

Tina Trpkovska
Pocituvan, lokacijata "Alumina" veke se rascistuva za gradenje na novi zgradi, benzinska... slusam i dzamija?! Koga ke moze da se vidi planot? Stanuva zbor za golema povrsina?

Like · Reply · 2 w

Author
Stefan Bogoev
Здраво **Tina Trpkovska**. Лажни се информациите. Да, ова е приватно земјиште, но нема активен ДУП за да може да се почне со градба.

Maja Topchar
дали има услови да се направи детско игралиште позади ГУЦ меѓу зградите? има супер празен простор и тон деца желни за лулашки.

Like · Reply · 2 w · 1

Author
Stefan Bogoev
Здраво **Maja Topchar**. Таму дел од просторот ќе остане парковско зеленило, а дел ќе биде со намена за институции. Ќе ја провериме можноста, во склоп на јавниот простор (парковското зеленило), да има и детска зона. Поздрав и убава вечер.

Violeta Bojadzievska
Za zal na igralisteto,vo Karpos 2 ,sekoja vecer tinejdjeri gi unistuvaat rekvizitite, a za vikotnici i galama kolku sakate .

Like · Reply · 3 w

Author
Stefan Bogoev
Violeta Bojadzievska јавниот ред и мир го контролира полицијата, може да пријавите на 192, а за уништувањето, мора сите да бидеме поодговорни и да се работи на едукација на младите. Ние како општина правиме санации, но не е возможно постојано.

Ej Brej @Gogiche · Jan 27
Replying to @stefanbogoev and @Natemago
Влајко е пола општински пола приватен или каква е ситуација тамо?

Фала на одговор.

1 1

Стефан Богоев @stefanbogoev · Jan 27
Општински е.

Beba @mufljus · Jan 19
@stefanbogoev ве молам за инфо.
Неколку возила на паркинг со години не се поместени, само фаќаат место при недоволно места за паркинг. Што може да се преземе околу ова?
*паркинг Никола Парапунов, трите бели кули пред мост О.Н.

1

Стефан Богоев @stefanbogoev · Jan 20
Пријавете во урбаната заедница, ако се хаварисани, да постават налепници (известување - предупредување) за да се отстранат.

Dime (5,08362 ден.) @DimeS10cent · Jan 16
Кога ќе успеете да се вселите во општинската зграда во Карпош 3?

1 1

Стефан Богоев @stefanbogoev · Jan 16
Направена е по погрешен проект и надвор од издаденото одобрение. Посебна работна група работи на откочување на процесот. Штом се создадат услови и нема законски пречки, ќе се стави објектот во употреба. Во овој момент, не можам со сигурност да посочам рок.





д-р Македонка Гарванлиева - Николова
Оториноларинголог,
Клиничката болница „Аџибадем Систина“

ВОСПАЛЕНИЕ НА СИНУСИТЕ - КАКО ДА ГИ ПРЕПОЗНАЕТЕ СИМПТОМИТЕ

Синузитисот е воспаление на синусите, кои се шуплини во коските на лицето. Причинители најчесто се вирусни и бактериски, а поретко габични инфекции, алергии и иританти.

Оториноларингологот од Клиничката болница „Аџибадем Систина“, д-р Македонка Гарванлиева-Николова, појаснува дека во зимскиот период воспаление на синусите се јавува поради ладното време, промените на воздухот од топло и ладно, затворен простор без проветрување. Зимскиот синузитис, како што додава, може да биде причинет и од алергии и назални полипи.

„На почетокот почнува како настинка, со што слузницата во носот и синусите отекуваат. Синусните отвори се затвораат, се нарушува дренажата и почнува секрет да се собира во нив. Тоа е добра подлога за бактериите да се размножуваат и да предизвикаат воспаление“, вели д-р Гарванлиева Николова.

Синузитите се класифицираат како акутни воспаленија, супкутани и хронични, во зависност од траењето на симптомите. Кај хроничниот синузитис воспалението се задржува 12 недели или повеќе. Типични симптоми на отечени и болни синуси се главоболка во пределот на локализацијата на синусите, осетливост на допир во пределот на синусите, болка или притисок во синусите, затнат нос или течење на носот, а се јавува и покачена температура, треска, болка во грлото и чувство на притисок во очите. Д-р Гарванлиева - Николова посочува дека неретко при воспаление на синусите се јавува и оток на лицето. Воспаленијата на синуситe се дијагностицираат преку податоци земени од пациентите и преглед направен од ОРЛ-специјалист. Д-р Гарванлиева - Николова нагласува дека од исклучителна важност е синузитисот да се открие навреме и правилно да се лекува, како кај возрасните така и кај децата. Во спротивно, постои опасност дека состојбата ќе премине во хронична. Хроничниот синузитис понатаму претставува ризик за појава и на некои други заболувања.

„Синузитот се лекува во зависност од причинителот. Се користат деконгестивни капки во нос, аналгетици, антихистаминици и локални кортикостероиди ако причинител е алергиска реакција, антибиотици се даваат само ако се работи за бактериска инфекција. Терапијата мора да биде дадена од медицинско лице“, вели д-р Гарванлиева-Николова.

При воспалението на синусите многу е важно да се одржува влажноста на воздухот во просториите во кои се престојува и истите редовно да се проветруваат или вентилираат. Понекогаш полесните акутни форми, кога симптомите не се многу изразени, можат спонтано да се излекуваат. Најчесто се користи симптоматска терапија со која се олеснуваат симптомите. Но, кога медикаментозната терапија подолго време не дава ефект, најверојатно е потребна операција. Операција е индицирана и кога постои опасност од ширење на инфекцијата или кога се присутни полипи кои ги блокираат носните канали.

Д-р Гарванлиева - Николова советува при воспаление на синусите да се избегнуваат драстични температурни разлики и да не се престојува на загаден воздух и магла. Како надворешен фактор што често придонесува да дојде до воспаление на синусите се посочува и пушењето, односно чадот од цигарите, затоа оториноларинголозите советуваат доколку имате воспалени синуси да се откажете од пушењето.

Урбани заедници

Карпош 1
Одговорно лице:
Мирче Блажевски
02 | 30.68.754 и 078 | 48.69.29
m: karpos1@karpos.gov.mk
A: ул. Иван Аговски бр.2

Карпош 2
Одговорно лице:
Лидија Цацановска
02 | 30.71.246 и 078 | 48.69.55
m: karpos2@karpos.gov.mk
m: lidija.cacanovsa@karpos.gov.mk
A: ул. Бранислав Нишиќ бр.4

Карпош 3
Одговорно лице:
Весна Мирковска
078 | 48.60.59
m: karpos3@karpos.gov.mk
m: vesna.mirkovska@karpos.gov.mk
A: ул. Радика бр.9

УЗ Карпош 4
Одговорно лице:
Огњан Лазаров
072 | 27.91.83
m: karpos4@karpos.gov.mk
A: ул.Љубљанска бр.6

Тафталиџе 1
Одговорно лице:
Вера Пенова
072 | 20.96.85
m: taftalidze1@karpos.gov.mk
A: ул.Букурешка бр. 2

Тафталиџе 2
Одговорно лице:
Маја Петковска
078 | 48.69.19
m: taftalidze2@karpos.gov.mk
Одговорно лице:
Горан Велковски
078 | 48.69.28
A: ул.Копенхагенска бр.5
(простории на ЗЕЛС – сутерен)

Влае 1
Одговорно лице:
Ненад Зафировски
072 | 26.80.53 и 02 | 30.93.174
m: vlae1@karpos.gov.mk
m: nenad.zafirovski@karpos.gov.mk
A: ул. Фјодор Достоевски бр.2

Влае 2
Одговорно лице:
Витка Ацевска
070 | 72.50.82
Одговорно лице:
Жарко Јосифовски
072 | 26.80.56
m: vlae2@karpos.gov.mk
A: ул. Сливовска бр. 1

Нерези
Одговорно лице:
Сеад Мехмети
078 | 48.76.23
Одговорно лице:
Весна Антеска
078 | 48.69.22
m: nerezi@karpos.gov.mk
A: ул.Ванчо Мицков бр. 19

Владо Тасевски
Одговорно лице:
Елена Ѓурчилова
078 | 48.69.27
m: vladotasevski@karpos.gov.mk
A: ул. Алжирска б.б.

Кузман Јосифовски Питу
Одговорно лице:
Велика Стојановска
078 | 48.69.53
Одговорно лице:
Наташа Геровска
077 | 57.06.87
m: kjpitu@karpos.gov.mk
A: ул. Стрезово бр. 7

Пецо Божиновски Кочо
Одговорно лице:
Мирјана Милошевска
070 | 33.82.74
Одговорно лице:
Данче Стевиќ
078 | 22.62.96
m: pecobozinovski@karpos.gov.mk
A: ул. Стрезово бр. 7

Злокуќани
Одговорно лице:
Гаши Садри
078 | 48.69.23
Одговорно лице:
Васко Крстевски
077 | 80.76.16
m: zlokukjani@karpos.gov.mk
A: ул. Скупи бб.

Бардовци
Одговорно лице:
Маја Петковска
078 | 48.69.19
m: bardovci@karpos.gov.mk
A: с.Бардовци

Одделение за месна самоуправа
Раководител:
Миле Стевков
070 | 23.57.90 и 02 | 30.79.559
m: mile.stevkov@karpos.gov.mk

Телефонски броеви за пријавување и фрлање отпад

Е-отпад (апарати, батерии и акумулатори) за подигнување од домот	070 236 000
Кабаст отпад (за транспорт на отпадот) Пункт на ЈП КХС (позади „Макпетрол“ долж бул.Илинден)	0800 222 33
Пријави Диви депонии	078 421 954
Оган на отворено	193

Кабинет:	02 | 30.55.901 02 | 30.55.902
Претседател на Советот на Општина Карпош:	02 | 30.55.913
Секретар на Општина Карпош:	02 | 30.55.918
Сектор за правниработи:	02 | 30.55.900
Сектор за дејности од јавен интерес:	02 | 30.55.939
Сектор за односи со јавност:	02 | 30.55.920
Сектор за развој на општината:	02 | 30.68.151
Сектор инспекторат:	02 | 30.55.931
Сектор за финансиски прашања:	02 | 30.55.923
Архива:	02 | 30.55.954
Сектор за урбанизам:	02 | 30.55.900
Сектор за уредување на градежно земјиште и комунални работи:	072 | 21.43.54
Сектор за екологија и енергетска ефикасност:	02 | 3076 035
Одделение за утврдување и наплата на даноци, такси и други надоместоци:	02 | 3055 942
Одделение за заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра:	02 | 3067 055

gradonacalnik@karpos.gov.mk
sekretar@karpos.gov.mk
kontakt@karpos.gov.mk

www.karpos.gov.mk

Поважни телефони

Полиција	192
Противпожарна бригада	193
Брза помош	194
Управување со кризи	195
АМСМ - помош на патишта	196
АМСМ - информативен центар	155 55
Авто помош на пат (24 ч.)	9159
Царина	197
Матична служба - ГУВР	3117 037
Сала за венчање	3118 250

ПТТ услуги

Будење	180
Точно време	185
Информации	988
Воена полиција	3227 700
Пазарен инспекторат	975
Водовод и канализација - дежурна служба	3073 010
Комунална хигиена - дежурен диспечер	3224 961
Оџаци - оџачарски услуги	2440 293

Сообраќај

Меѓуградска автобуска станица	2466 313
Македонија сообраќај	2402 388
Железничка станица	3234 255
Аеродром Скопје	3148 333

Дежурни аптеки

Зегин (МНТ-подрум)	3117 614
Реплек - аптека бр.4	3130 170

Здравствени објекти

Клиничка болница	3147 147
Градска општа болница	3235 000
Болница 8 Септември	3087 400
Детска болница - Козле	3085 761
Неуромедика	3130 000
Клиника “Мајчин дом”	3147 004
Стоматолошки клинички центар	3299 000
Гинеколошко - акушерска клиника	3147 147
Гинекологија и акушерство - Чаир	2611 033
Аџибадем Систина	3099 500
Клиника Жан Митрев	3091 500

Дежурни поликлиники

Букурешт	3064 088
Идадија	3113 033
Ѓорче Петров	2031 022
Јане Сандански	2463 277
Чаир	2795 112
Драчево	2611 506
Шуто Оризари	2651 696
Ченто	2522 351
Бит-Пазар	3134 534
Неуромедика	3133 313



e-mail
kontakt@karpos.gov.mk

Facebook
Општина Карпош

Twitter
@OpstinaKarpos

Instagram
@opstinakarpos